Еко-свест

Банка депонент: Комерцијална банка А.Д Скопје
Број на жиро сметка: 300000001519444
Даночен број: 4030002457980

Бул. 11 Октомври 125/12, 1000 Скопје, Македонија
Тел.: 02 3217 247; Факс: 02 3217 246
info@ekosvest.com.mk; www.ekosvest.com.mk

# Преглед на работата на Еко-свест од Скопје за периодот од 01.01.2007 до 31. 09. 2007

## Активности

Во периодот од 01.01.2007 до 31.09.2007 Еко-свест ги спроведе следните проекти во рамки на програмите на организацијата:

- Целогодишна програма за делување во секторот на транспорт, енергетика и регионални активности, подржана од CEE Bankwatch Network со буџет 10.850 Евра (за периодот од 01.01.2007 до 30.09.2007).
  Програмата е тековна.



- **„Лапни нешто здраво“**, кампања за промоција на здрава и органска храна финансирана од Холандска Фондација XminY со буџет од 500 ЕУР.
  Проектот е завршен.

- **„Избери органска храна – кажи НЕ на ГМО“**, проект финансиран од Terre Humaine/ Humane Earth Foundation со буџет 6.780 Евра.
  Проектот е тековен.

- **„Турнеја на доматот Монструм“**, кампања финансирана од Global Greengrants Fund со буџет 5.750 USD.
  Проектот е завршен.

- **„Потикнување на органското земјоделие во Македонија“**, проект финансиран од Влада на Република Македонија, Министерство за финансии со буџет 183 000 денари.
  Проектот е тековен.

- **„Да ги запознаеме меѓународните финансиски институции“**, проект финансиран од Global Greengrants Fund со буџет 2.820 УСД.
  Проектот е завршен.

- **„Кампања за подигнување на јавната свест на населението за одржливо управување со отпадот на територијата на општина Карпош“**,

финансирана од Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Македонија со буџет од 250.000,00 денари.
Проектот е тековен.

- **„Градски парк – прва ГМО слободна зона во Скопје“**, проект финансиран од Grassroots Foundation со буџет 1.500 Евра.
Проектот е тековен.

- **„Инспирирана младина за утрешнината“**, проект во партнерство со организациите „За земјата“ од Бугарија, „Terra Mileniul III“ од Романија и „A SEED“ од Холандија, целосно финансиран од Европска комисија – Генерален директоријат за млади со буџет 8.785 Евра (сума одредена за активностите во МАкедонија).
Проектот е тековен и завршува во 2008 година.



**<u>Учество на настани во Македонија и Европа</u>**

Членовите на Еко-свест земаа активно учество на следните состаноци и настани во сопствена, и во организација на партнерските организации во Македонија и Европа:

- Обука за албанските НВО за меѓународни финансиски институции, во Драч, Албанија, март 2007
- Годишно собрание на Friends of the Earth Europe во Брисел, Белгија, април 2007
- Трета интернационална конференција за ГМО, биодиверзитет и рурален развој, во Брисел, Белгија, април 2007
- Состанок на балканските НВО во Романија, мај 2007
- Работилница за генетски модифицирани организми (ГМО), во Битола во мај 2007 година.
- Годишно Собрание на CEE Bankwatch Network во Полска во јуни 2007 година
- New NGO Forum - Состанок на балканските НВО со Европската комисија во Брисел, Белгија, јули 2007



- Состанок и прес конференција по повод завршувањето на Турнејата на доматот, Софија, Бугарија, јули 2007
- GMO Balkan conference, Софија, Бугарија, јули 2007
- Младински камп во Бугарија, јули-август 2007
- Три работилници за младите во Скопје, Велес и Битола, за меѓународни финансиски институции, во мај, јуни и август 2007 година
- Состанок за оформување на SEE Pipeline мрежата на балканските НВО во Хрватска, септември 2007 година

## Публикации

Во првите три квартали на 2007 година, Еко-свест ги публикуваше следните материјали:



- Леток *„Да ги запознаеме меѓународните финансиски институции“*, во 200 примероци
- Леток *„НЕ на Генетски модифицираните организми“*, 500 примероци
- Леток- петиција *„Кажи НЕ на генетски модифицираната храна“*, 1000 примероци
- Леток *„Отпадот не е ѓубре“*, 1000 примероци
- Публикација *„Отпадот не е ѓубре“*, реиздание, 250 примероци
- Публикација *„Странски искуства во управувањето со отпадот“*, 250 примероци.

Покрај овие публикации Еко-свест направи ре-дизајн за својата веб страница која ќе биде официјално поставена на денот на Собранието.

## Членство

На почетокот на 2007 година Еко-свест броеше:

- 7 членови со право на глас, и
- 4 почесни членови и околу 30 поддржувачи.

Во овој период кон организацијата се приклучија 4 (четири) членови, 2 (два) члена истапија од организацијата, и кон Еко-свест се приклучија 4 (четири) нови волонтери. Еко-свест се стекна со поголем број поддржувачи и пријатели.

Заклучно со 01.11.2007 година, Еко-свест брои:

- 9 членови со право на глас,
- 4 почесни членови и 40тина поддржувачи, и
- 4 активни волонтери.